Скопје
март
2019

# ИЗВЕШТАЈ

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

2019

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Димитрие Чуповски бр.13 1000 Скопје
Македонија
www.orm.org.mk

# Содржина


ВОВЕД ..... 2

1. Состојба на бипартитниот социјален дијалог и Колективните договори ..... 3
2. Соработка и учество на ОРМ со институциите ..... 4

Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2019 година ..... 4

Министерство за труд и социјална политика ..... 5

Министерството за образование и наука ..... 7

Агенција за вработување на Република Северна Македонија ..... 7

Фонд за пензиско инвалидско осигурување ..... 7

Останати засегнати страни ..... 8

- Активен член на Националниот совет за женско претприемништво ..... 8
- Два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAIEE) ..... 8

3. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2019, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности ..... 8

4. Медиумска присутност и прес-конференции ..... 9

4. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки ..... 10

5. Учество на меѓународна конференција ..... 11

6. Активности на ОРМ по проекти ..... 13

- Проект “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" ..... 13
- Проект „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија“ ..... 14
- Проект „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“ ..... 15
- Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ ..... 16

# ВОВЕД



Почитувани,

Зад нас е уште една година исполнета со многу важни политички настани, кои како многупати порано, ја ставаа економијата на второ место. Владата, иако ги критикуваше претходните министри, продолжи со предлагање на законски прописи во скратени рокови, за кои ние како бизнис здружение немавме доволно време да Ве консултираме и да ги дадеме нашите забелешки. За волја на вистината и кога имавме повеќе време, ретко кој од нас наоѓаше доволно време и мотивација да ги прочита предложените прописи и да даде свое мислење. Секоја чест на поединци кои имаа сили, знаење и решителност секогаш да го штитат интересот на Организацијата на работодавачи и бизнис заедницата.

Односите со социјалните партнери се посебна приказна. По долги натегања успеавме да започнеме преговори за нов ОКД. Преговорите се тешки и демотивирачки но наше е да истраеме и да добиеме по добар, по прецизен и по применлив ОКД. За таа цел им се заблагодарувам на членовите на нашата преговарачка група за досегашните активности и вложена енергија.

ОРМ останува единствено репрезентативно здружение на работодавачи во Република Северна Македонија и понатаму ќе биде силен глас на бизнис заедницата и ќе се залага работодавачите да го добијат местото, улогата и значењето во опшеството што реално и припаѓа.

Со почит,

Ангел Димитров
Претседател на ОРМ

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2019 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи, Статутот на ОРМ и Програмата на ОРМ за предвидени активности за 2019 година

Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

## 1. Состојба на бипартитниот социјален дијалог и Колективните договори

Согласно Спогодбата за измени и дополнувања на Општиот колективен договор (ОКД) за приватниот сектор, став 3, потпишана на 13.07.2015 година ОРМ и Сојузот на синдикати на македонија (ССМ) како легитимни партнери се обврзаа да отпочнат со преговори за измени и дополнување од интерес на двете страни. Иницирана од страна на Управниот одбор (УО) на ОРМ на 18-ти декември 2018 година се одржа средба помеѓу претседателот на ОРМ, Ангел Димитров, Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и претседателот на ССМ, Дарко Димовски, се со цел ОРМ и ССМ да започнат со преговори за усогласување на нов текст за Општ колективен договор за стопанството од приватниот сектор (ОКД). Првиот состанок се одржа на 25-ти Јануари 2019 година и следствено потоа беа организирани уште неколку состаноци во текот на годината. Во моментов, преговорите за усогласување за нов Општ колективен договор за стопанството од приватниот сектор се во мирување. Една од причините е и забавување на процесот на усогласување и донесување на нов Законот за работни односи, каде што одреден број на членови во ОКД зависат од усогласувањето на членовите на новиот Закон за работни односи (ЗРО).

Потпишани и објавени Колективни договори во службен весник се:

Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, Колективен договор (КД) за тутунска индустрија, КД за хемиска индустрија, КД за угостителска дејност, КД за текстилна индустрија, КД за кожарска индустрија, КД за енергетика, КД за земјоделие и прехранбена индустрија, КД за Заштитните друштва, КД за банки, КД за независните регулаторни тела.

## 2. Соработка и учество на ОРМ со институциите

### Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2019 година

Економско – социјалниот совет (ЕСС) во текот на 2019 година одржа 7 седници, 49 седница на 11.01.2019, 50 седница на 08.03.2019, 51 седница на 01.05.2019, 52 седница на 17.05.2019 година,53 седница на 30.05.2019 година, 54 седница на 27.09.2019 година и 55 седница на 25.12.2019 година.

Во 2019 година во рамки на надлежностите и функционирањето на ЕСС реализирани се следните активности:

- Ревидирање на составот на постојаните комисии на ЕСС и тоа: Комисија за работни односи и плати, Комисија за вработување и политики на пазарот на труд, Комисија за социјална сигурност, Комисија за безбедност и здравје при работа во кои ОРМ има свој претставници.

- Разгледување и усвојување на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година - Разгледување и усвојување на Предлог на Правилник за безбедност и здравје при работа, за кој претходно се достави подготвеното мислење по истиот од страна на членовите на ОРМ во Националниот совет за безбедност и здравје и работната група за БЗР при ОРМ;

- Разгледување и усвојување на Извештај за имплементација на Гаранција за млади за 2018 година; Разгледување и усвојување на Извештај за имплементација на Акциски план за вработување за 2018 година; Разгледување и усвојување на Извештај за имплементација на Акциски план за формализација на неформалната економија за 2018 година; Разгледување и давање на мислење за Предлог на Закон за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата;. Во подготовка на сите овие документи учествуваат и претставници од ОРМ .

- Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЕСС за 2019; Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на ЕСС за 2018; Разгледување на Информација за учество на трипартитна делегација на Република Северна Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2019 година; Известување за имплементација на работниот план за побарувани занимања на пазарот на трудот 2018 -2021 година; Претставување на проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Меѓународната организација на трудот (Предлагање шест теми за обука на членовите на постојаните Комисии на ЕСС и предлагање на тема за медиумска кампања ); Разгледување на Информација за спроведување на исплата на регрес за годишен одмор во

приватниот сектор и за преземените мерки при непочитување на регулативите; Презентација на ажурираниот Извештај за клучните ограничувања кои се однесуваат на бизнис климата, во врска со Анализата „Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Република Северна Македонија“ и утврдување на наредни чекори; Утврдување на две теми за обуки на членови на постојани комисии на Економско-социјалниот совет; Презентација на предлог дизајни за ново лого на ЕСС; Разгледување и усвојување на Извештај за работата на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување во 2018 година; Учество на Економско-социјалниот совет во креирање на политики поврзани со работничките права; Разгледување и давање на мислење за Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија; Разгледување и усвојување на мислење за Предлог на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година; Разгледување и усвојување на мислење за Нацрт - Програма за економски реформи 2020-2022; Разгледување и усвојување на мислење за Предлог на Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022; Разгледување и усвојување на Комуникациска стратегија за ЕСС 2020; Разгледување и усвојување на Трипартитен акциски план за ЕСС; Утврдување на следни активности врз основа на наоди од Компаративната анализа на Економско-социјалниот совет на Република Северна Македонија со националните институции за социјален дијалог на земји-членки на Европската Унија – избор на предложен модел на Совет, приближен на ЕСС и Разгледување на Информација за предвидување на пазарот на трудот.



## Министерство за труд и социјална политика

### *Придонес на ОРМ во областа на Законот за работни односи*

Во текот на 2019 ОРМ формираше работна група која го разгледуваше Законот за работни односи (ЗРО) и потребата за измени и дополнувања на законот. До МТСП беше доставена Иницијатива од страна на ОРМ за носење на нов Законот за работни односи (ЗРО) и предлог текст за измени и дополнувања. ОРМ своите интереси ги застапува преку двајца претставници во работната група за ЗРО при МТСП.

*Придонес на ОРМ во областа на Закон за безбедност и здравје при работа*

ОРМ доставуви конкретни предлози до МТСП, подготвени од работната група на ОРМ во насока на носење на нов Закон за безбедност и здравје при работа (ЗБЗР). Во склоп на иницијатива за донесување на нов ЗБЗР од страна на ОРМ беше организирана тркалезна маса на која беа презентирани резултатите од прашалникот за потребата од измени и дополнувања на ЗБЗР. На настанот земаа учество сите засегнати страни. Од страна на МТСП беше прифатен предлогот на ОРМ за донесување на нов ЗБЗР.




- Учество на ОРМ во работна група за спроведување на активности, поврзани со **Акцискиот план за формализирање на неформалната економија 2018 - 2022 година**.
- Учество на ОРМ во подготовка на **Акциски план за вработување 2020** година кој треба обезбеди преглед на активности од Стратегијата за вработување 2016-2020 година.
- Учество на ОРМ во **Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминациа** и реализациа на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област. Во таа насока ОРМ достави свои забелешки во поглед на новиот Закон за недискриминација.
- Учество во **Интер-ресорската група за еднакви можности**
  За развојот на Моделот за прегледот на занимања е формирана **Меѓуинституционална работна група која ги определи приоритетните занимањата опфатени во Работниот план 2018-2021 година,** како и типот на информации што се собираат, извори на информации и начините на дисеминација. ОРМ учествува со свој претставник. Во рамките на првиот приоритет од Националниот акциски план за вработување млади лица 2020 година: „Подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот“, според Исходот 1.1.1. Министерството за труд и социјална политика со техничка помош на Меѓународната организација за трудот во 2017 година изработи **Модел за преглед на занимања**. Прегледот е заснован врз основа на податоци од: Анкетата на работна сила, Анкета за структура на заработувачката, Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот, анкетни истражувања на социјалните партнери.
  Целта на моделот е обезбедување поверодостојни информации за занимањата (работни услови, потребно образование, најчести видови повреди на работното место, суштина на занимањата, просечна месечна нето заработувачка и други релевантни податоци за конкретното занимање), побарувачката на работна сила и влијание на

среден и долг рок врз намалувањето на несовпаѓањето на понудата и побарувачката на работна сила. На годишно ниво моделот се ажурира со најнови расположливи податоци. За понатамошно редовно ажурирање и развивање на нови прегледи на занимањата изработена е Методологија и Работен план за периодот од 2018 до 2021 година. **Целта и очекувањата се до крајот на 2021 година да се ажурираат и развијат 75 прегледи на занимања кои ќе бидат достапни на информативниот веб портал: www.zanimanja.mk,** кој е во сопственост на Министерството за труд и социјална политика.

- Учество со свој претставници во тела при **Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка** и тоа:
  - Секторскиот мониториг комитет кои ќе ги претставуваат работодавачите во работата на овој комитет на Акциската програма 2017 фокусирана на секторите: образование, вработување и пазар на труд и социјална политика, и
  - Секторска работна група „Образование, вработување и социјална политика".

## Министерството за образование и наука

- Учество во **Националниот совет на Македонската рамка** за квалификации и Секторски комисии
  Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК. Целта на вмрежувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно вработување.
  - **Секторска комисија за електротехника**
  - **Секторска комисија за градежништво и геодезија**
  - **Секторска комисија за хемија и технологија**
  - **Секторска комисија за угостителствои туризам**
  - **Секторска комисија за лични услуги**
  - **Секторска комисија за машинство**
  - **Секторска комисија за економија, право и трговија**
  - **Секторска комисија за земјоделство, ветеринаство о рибарство**
  - **Секторска комисија за текстил, кожа и слични производи**

- Учество во **Одбор за акредитација** високообразовни програми
- Учество во **Одбор за евалуација**

## Агенција за вработување на Република Северна Македонија

- Учество во **Управниот одбор на Агенција за вработување** на Р.С. М и во Комисијата од Посебниот фонд по основ на вработување на невработени инвалидни лица

## Фонд за пензиско инвалидско осигурување

- Учество во **Управниот одбор на ФПИО**
- Учество во **Одборот за соработка и доверба со јавноста на Правниот факултет "Јусинијан Први"** во Скопје

## Останати засегнати страни

- Активен член на Националниот совет за женско претприемништво
- Активен член на управниот одбор на проектот Образование за вработување во Македонија E4E@mk.

  Проектот „Образование за вработување во Македонија (Е4Е@мк)“ е проект поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, а имплементиран од страна на Хелветас Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија. Истиот има за цел да поттикне вработувања во земјата прекуподобрување на стручните вештини кај младите. Проектот предвидува формирање на управен одбор, чијашто задача е да дава мислење за стратешки и политички прашања, како и да ги разгледува и дискутира извештаите за напредок и годишниот план за работа и на тој начин да обезбеди усогласеност на проектот со релевантните национални стратегии, политики и законодавство.
- Два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAIEE).

  Иницијативата на Европската унија за градење на капацитетите и подобрување на вештините на градежните професионалци – архитекти, инжинери, како и работници во градежниот сектор е со цел да се постигнат параметрите на ЕУ Стратегијата 2020 за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во градежниот сектор. Преку активностите во рамките на проектот ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување на соработка со различни професионални групи.

# 3. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2019, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности

Седница одржана 24 април 2019 година

1. Известување за постапките на  предлог измени за нов ЗРО, предлог измени за нов ЗБЗР и   преговорите за нов ОКД за стопанството.
2. Извештај за работењето на ОРМ за 2018 година.
3. Финансиски извештај  на ОРМ за 2018 година.
4. План за работа 2019година и усвојување на Годишниот оперативен план 2019 година.
5. Разно, Претседателот на ОРМ ја сподели информацијата дека е во последната година од неговиот мандат и ги охрабрува сите присутни да искажат интерес доколку тие, или директорите на нивните компании, имаат амбиции за претседателската позиција, со цел навремена подготовка на потенцијалните кандидати за иден претседател на ОРМ.




Седница одржана на 24.12.2019 година

1. Обраќање на г.ѓа Билјана Јовановска-директор на АВРМ - соработката на работодавачите од ОРМ со АВРМ.
2. Известување за забелешките по последната верзија од предлог измените за нов ЗРО, од членот на комисијата од ОРМ, г.дин Љупчо Фармакоски.
3. Информација за тековните проекти на ОРМ

## 4. Медиумска присутност и прес-конференции

Да ги напише Ангел








4. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки

**Формирани здруженија**

Во склоп на досегашното работење на ОРМ формирани се следниве здруженија: Здружение за комунални дејности (во мирување), Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија, Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност, Здружение за финансиско посредничка дејност-банки и осигурителни и независни регулаторни тела, Здружение за трговија на големо и мало и Здружение за енергетика.

**Согласно член 213 од ЗРО, ОРМ ги доби следниве решенија за репрезентативност**

- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи за територија на РМ
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на приватен сектор
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на гранка односно оддел и тоа за :
  - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
  - Финансиски дејности и дејности на осигурување
  - Произвоство на тутунски производи
  - Производство на прехранбени производи
  - Производтво на текстил и обека
  - Производство на кожа и слични производи од кожа
  - Производство на хартија и производи од хартија
  - Производство на хемикалии и хемиски производи, фармацевски производи, гума и пластични маси
  - Други услужни дејности, дејности врз база на зачленување (заштитни друштва кои вработуваат инвалидизирани лица)
  - Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема
  - Трговија на големо и мало
  - Градежништво
  - Земјоделство, растително и животинско производство
  - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.

## 5. Учество на меѓународна конференција

Претставник на ОРМ како репрезентативната организација на работодавачи, учествуваше како член на трипартитна делегација, на 108-та Годишна конференција на МОТ во Женева.

### Учество на претставници на ОРМ на конференции, семинари и обуки

- Од 29-ти мај до 8-ми јуни 2019 година, претставник на ОРМ учествуваше на обука со наслов “International Training Course on Labour and Social Policies for Decent Work”, во Женева, Швајцарија. Тема на обуката беше како да се подобрат социјалните политики и трудовото законодавство, во насока на подобрување на условите за пристојна работа. За време на обуката, претставникот на ОРМ ја посети Меѓународната организација на работодавачи (IOE) и оствари средба со Претседателот на организацијата, г-дин Роберто Суарез. Тема на состанокот беше престојната Конференција на Меѓународната организација на Трудот (МОТ), како и продлабочување на соработката помеѓу националните организации на работодавачи и меѓународната организација на работодавачи (IOE).

- Во рамките на проектот "Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" – EuropeAid / 155322 / DD / ACT / MK", раководен од страна на МЗЗПР, каде што ОРМ е партнер, во периодот од 17-21 јуни 2019 година, претставници на ОРМ учествуваа на студиска посета во Будимпешта, Унгарија. Групата која учествуваше на студиската посета беше составена од членови на Националниот совет за БЗР, како и номинирани претставници на организации/институции кои се дел од советот. За време на посетата, учесниците имаа можност да споделуваат информации, знаења и искуства со колеги од најразлични институции/организации. Меѓу останатото, беше остварена посета и работна средба со претставници на МОТ во нивната канцеларијата во Будимпешта.

- На 12 и 13 септември во Рим претствник на ОРМ учествуваше на состанок на членките на Меѓународната организација на работодавачи Европа и Централна Азија: Предизвици и можности на работодавачите од Источна Европа, Кавказ и Централна Азија. Целта на ово настан беше да се подобри влијанието и релевантноста на работодавачите и бизнис организациите од регионот, да се помогне кон градење на капацитети за да го претставуваат под-регионот во политичките дебати, да ги застапуваат своите членки и да обезбедат конкретна додадена вредност, како на пример развој на документи за јавни политики, во подршка на членките кога репрезентативнста ќе биде доведена во прашање и може да го попречува ангажманот на националниот социјален дијалог. Организациите на работодавачи од овој регион продолжуваат да учат еден од друг и да го зајакнат својот глас во име на своите гранки особено малите и средни претпријатија кои се рбетот на европската економија. Состанокот започна со воведни обраќања за националните политики во контекст на голобализацијата и адресираше многу значајни прашања за разво на социјалните и еконмските политики, како и улогата на Организациите на работодавачи во овој регионот.

- На 3-4 октомври во Фиренца се одржа вториот состанок на Управниот одбор во рамки на проектот „Иницирање активности за спроведување на автономниот рамковен договор за активно стареење и меѓугенерациски пристап“ кој е финансиран од страна на Европската унија. Носител на проектот е Солидарност од Полска во соработка со КСС од Македонија, додека ОРМ како социјален партнер го подржува проектот. На состанокот беа презентирани 6 собрани студии на случаи во секоја од соодветните земји: Летонија, Северна Македонија, Полска, Белгија, Романија и Италија.



- На 24-ти и 25-ти Октомври 2019 година, претставници на ОРМ учествуваа на меѓународен семинар, во заедничка организација на МОТ, со наслов “Promoting and reinforcing social dialogue”, во Белград, Србија. На семинарот учествуваа претставници на социјалните партнери од регионот. Темата на семинарот беше подобрување на социјалниот дијалог во регионот.

## 6. Активности на ОРМ по проекти

### ▪ Проект “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ"

Овој проект се спроведува во периодот од 15-ти декември 2017 до 15-ти Јуни 2020 година, каде носител на проектот е МЗЗПР, а директни партнери се ОРМ и ССМ. Главната цел на проектот е да се подобри вклученоста и зајакнувањето на влијанието на организациите на граѓанското општество во спроведувањето на клучните реформи во безбедноста и здравјето при работа, како и дијалогот и партнерството со регионалните граѓански организации од ИПА регионот. Специфична цел на проектот е подинамично граѓанско општество преку вмрежување, застапување, долгорочно стратешко организационо планирање и поттикнување на нивото на вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во врска со безбедни и здрави услови за работа.

Во периодот јануари – декември 2019 ОРМ активно учествуваше, како директен партнер, во спроведувањето на сите активности во рамките на проектот каде што една од целните групи се организациите/здруженијата/ентитетите кои се членови на Националниот Совет за Безбедност и здравје при работа.

Во рамките на проектот, во 2019 година година без спроведени следниве активности:

- Дебата на тема "ПОТРЕБА ЗА ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ИЛИ НОВ ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА". Од донесување на Законот за безбедност и здравје при работа, како и од основањето на советодавно тело на Владата, воделот на креирање и имплементација на политики во областа на безбедноста и здравјето при работа, поминаа 11 години. Воедно, ресорното Министерство за труд и социјална политика пристапи кон спроведување на активност за ревизија на истиот или потреба од подготовка на нов. Во рамките на проектот, на 18-19 Април 2019 година, се организираше дебата во Хотел Дрим- Струга, каде што детално беа разгледувани постоечките недостатоци во актуелното законско решение. Заклучоците од оваа дебата, во форма на конкретни предлози и препораки, беа доставени до Министерство за труд и социјална политика.
- Изготвена е Предлог политика, во која беа содржани конкретни предлози за промени во законската материја, која ја покрива безбедноста и здравјето при работа. Предлог политиката беше доставена Министерството за труд и социјална политика.
- Потпишани се договори со единаесет (11) организации за спроведување на акции, во рамките на шемата за субгрантирање, која е составен ден на проектот. Во текот на 2019 година, успешно беа спроведени десет (10) од субгрантираните акции, каде што главна цел беше подигнување на капацитетите на организациите кои се активни во областа на безбедноста и здравје при работа.
- Во периодот од 17-21 јуни 2019 година, се организираше студиска посета во Будимпешта, Унгарија. Групата која учествуваше на студиската посета беше составена од членови на Националниот совет за БЗР, како и номинирани претставници на организации/институции кои се дел од советот. За време на посетата, учесниците имаа можност да споделуваат информации, знаења и искуства со колеги од најразлични институции/организации. Меѓу останатото, беше остварена посета и работна средба со претставници на МОТ во нивната канцеларијата во Будимпешта.
- Активности за застапување и лобирање.

## ▪ Проект „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија"

Носител на проектот е ОРМ, а директен партнер е Институтот за динамичен развој СФЕРА-Скопје финансиран во рамките на програмата EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK и се спроведе во периодот 15-ти декември 2017 до 15-ти декември 2019 година. Целта на проектот е да ја подигне конкурентноста на МСП и да прагматично придонесе во имплементацијата на националните стратешки документи за конкурентност. Проектот работеше на постигнување на конкурентска одржлива предност на извозот на прехранбено-преработувачката индустрија и им помогна на МСП-учесници во истиот, во интернационализацијата, подигање на извозниот капацитет и можности.

Конкретните бенефити од проектот за фимите – учеснички е директната експертска подршка во подготовката на извозната процедура и документација и други поврзани извозни активности (анализи, нови пазари, контакти со дистрибутивни мрежи и сл.).

Се постигна конкурентска одржлива предност на извозот на прехранбено-преработувачката индустрија и им се помогна на МСП во интернационализацијата, подигање на извозниот капацитет и можности,во имплементацијата на националните стратешки документи за конкурентност.

Изготвената Бизнис анализа за извозните можности на пазарите Бугарија и Шведска за прехранбени производи од Македонија, Бугарија за кондиторски производи и Анализата на пазарот на Шведска за преработки од овошје и зеленчук, е сеопфатен извештај за

големината на регионалниот пазар, пазарната потрошувачка, преференциите на потрошувачите и идентификацијата на големопродажните синџирите за дистрибуција на храна, вклучувајќи ја и PESTLE анализа на надворешен пазар, анализа на конкуренцијата (КПМ матрица), индустриска анализа (анализа на факторите и трендовите специфични за индустријата кои се релевантни за извозните производи на компанијата).

Во делот на Градење капацитети и трансфер на знаење за одржливо унапредување и испорака на извоз беа организирани Динамични обуки за обука за извоз - ДЕТА врз основа на која се подготви Прирачник за извоз.

Потоа, беа организирани Извозни менторски услуги на компании - EmeS (индивидуална деловна поддршка од консултанти / ментори) и подготвивме Интерактивна платформа (веб) за извоз - ИПЕ (извозен портал и помош излез биро); https://rabotodavaci.mk./ Како и Мобилна апликација - IPE (платформа за извоз на мобилни уреди).

Прирачникот овозможува секторот за храна подобро да ги распознава универзалните и специфичните принципи за маркетинг и продажба, со цел полесно да одговори на барањата на меѓународните пазари и преку дополнителните алатки да направи подобри и поиздржани одлуки при интернационализација,односно извоз.

Ваков тип на подршка на МСП се совпаѓа со визијата на:

- Националната стратегија за конкуретност и во една од седумте цели за ПОЕНЕРГИЧЕН ИЗВОЗЕН СЕКТОР
- Националната стратегија за извозна промоција која препорачува фокус на 4 Сектори од кои едниот е Агробизнисот и преработката на храна

Учесниците во проектот сметаат дека еднакво им се потребни:

- субвенции за користење консултанти за истражување странски пазари
- субвенции за учество на саеми,
- субвенции за користење консултантски услуги за унапредување на производот.

Проектот иницираа 66% од фирмите да спроведат самопроценка на својата фирма и извозен капацитет, за започнување извоз на својот производ(и). Учесници сметаат дека Проектот треба да продолжи со акцент на зајакнување на капацитетите на конкурентност на компаниите, зајакнување на капацитетите на компаниите за користење на ЕУ фондови и Иновативност во сферата на преработувачката индустрија за храна.

- ### Проект „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“

Проектот „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“, е предводен од Конфедерацијата на унгарски работодавачи и индустријалци (MGYOSZ-Business Hungary), кофинансиран од Европската комисија, обединува седум европски работодавачи организирани во Унгарија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Северна Македонија, Словачка и Романија, за да ги проучат различните аспекти на меѓугенерациските проблеми и предизвици, како и соочување со работодавачите и вработените на работните места. Целта на студијата е да се презентираат најдобрите практики на компанијата, колективните

договори и другите форми на соработка помеѓу работодавачите и синдикатите, кои го поттикнуваат активното стареење преку меѓугенерациски решенија на работното место што доведуваат до ангажирање на вработените.

Европските социјални партнери го покренаа прашањето за активно стареење како доживотно процес во нивниот автономен рамковен договор за „Активно стареење и меѓугенерациски пристап". Потписниците (Businesseurope, SME United, CEEP и ETUC) ги охрабруваат своите членови (организации на работодавачи и синдикати) да ги проучуваат овие проблеми во нивните земји и да направат заеднички чекори за подигање на свеста за специфичните проблеми во земјата во врска со активното стареење, како и поттикнување на активно стареење во нивните колективни договори на компанијата и на секторско ниво.

ОРМ сподели со своите членки анкетен прашалник врз основа на кој беше подготвена Национален извештај - Северна Македонија: Управување со меѓугенерацискиот јаз. Во престојниот период ќе биде подготвена компаративна анализа која ќе даде увид на состојбата во Унгарија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Северна Македонија, Словачка и Романија.

- Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог"

Проектот се спроведува во периодот 1 јануари 2019 - 30 јуни 2021 година, каде носител на проектот е Меѓународна организација на трудот финансиски поддржан од страна на Европската унија. ОРМ како партер во проектот е директно вклучена во спроведување на третата компонента.

Проектот кој го спроведува Меѓународна организација на трудот, а финансиски е поддржан од страна на Европска Унија има за цел да го подобри социјалниот дијалог како средство за создавање повеќе и подобри работни места. Проектот ќе го поддржи учеството на институциите за социјален дијалог во креирањето политики на национално и локално ниво и ќе ја поттикне практиката на редовни консултации преку националните и локалните економско-социјални совети. Ќе создаде услови социјалните партнери да бидат подобро подготвени за да обезбедат квалитетни совети за политиките и да обезбедат услуги насочени кон побарувачката.

Проектот се состои од три конкретни компоненти, имено:

Конкретна цел 1: Зголемено учество на Економско-социјалниот совет во обликување на националната агенда за економско-социјални реформи.

Конкретна цел 2: Зајакнато учество на локалните економско-социјални совети во формулирање и спроведување на локалните политики за вработување.

Конкретна цел 3: Зголемена ефективност на синдикатите и на организациите на работодавачи.

Изготвиле,

Белинда Николовска
Светлана Ристовска -Антиќ

Дона Димов

**Претседател**
**Ангел Димитров**